**ЗАПИСНИК**
**од 13. (тринаесеттата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 21 мај 2026 година (четврток), во општинската сала со почеток во 09.00 часот.**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Христо Саракинов, Претседател на Советот на Општина Карпош, по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Од 26 членови на Советот на Општина Карпош, на седницата беа присутни сите 26 членови на Советот на Општина Карпош.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Давор Грче, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановски, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

На членот на советот Неделчо Крстевски функцијата му е во мирување.

Пополнетиот евиденционен лист претставува доказ дека член на Советот присуствувал на 13.та седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството членови на Советот со што Советот може полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваше Заменик Градоначалникот Неделчо Крстевски, претставници од општинската администрација и подносители на материјали со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Совет констатираше дека согласно позитивните законски прописи, материјалите од страна на Одделението за поддршка и организација на работата на Советот се испратени во законски утврдениот рок седум дена

пред почетокот на закажаната седница. Извести дека на 20 мај во кабинетот на заменик градоначалникот се одржала координација со координаторите на советничките групи, на кои заедно со заменик - градоначалникот биле разгледани и дискутирани точките од предложениот дневен ред.

Во однос на предметните комисии, како помошни тела на Советот што одржале свои седници, претседателите или известителите во текот на седницата ќе поднесат извештај за точките што ги разгледувале и по кои расправале.

Претседателот пред да отвори расправа зема збор да даде известување.

Претседателот на Советот Христо Саракинов ја посочи следната информација која е важна за тековно работење и раководење со Општина Карпош, ги извести присутните во салата и самата јавност дека господинот Сотир Лукровски поради здравствени причини е на привремено боледување и во наредниот период ќе биде отсутен. Претседателот му посака побрзо оздравување и враќање кон неговите работни обврски, исто така со цел да се обезбеди континуитет, законско и непречено функционирање на Општината посочи дека согласно Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Карпош функцијата заменик градоначалник ќе ја извршува господинот Неделчо Крстевски. Тој во овој период на отсуство ќе ги преземе и ги презема сите овластувања за раководење со општинската администрација и тековните проекти.
Претседателот посочи дека доколку е потребно дополнително известување истото ќе се достави до сите советници.

За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска и посочи дека во целата постапка е направен процедурален пропуст односно се работи за следното дека известувањето во однос на предавањето на ингеренциите од градоначалник на заменик градоначалник требало да се достави многу порано односно кога за тоа било информирано Одделението за организација и поддршка на Советот и тоа или преку архивата на Општината на секој поединечно или преку веб страната односно службен меил. Членот на советот го посочи следното со цел да се исправи пропустот кој е направен и истиот да не доведе до некои несакани репрекусии во однос на самата постапка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска и побара советнички прашања да се одлучи дали ќе бидат на почеток од седницата или на крајот.

За збор се јави членот на советот Горан Михајлов и укажа на следното односно постави две кратки прашања кои треба да се одговорат експлицитно да се каже

дали гласот на заменик градоначалник кој впрочем е дел од Советот на Општината дали е важечки или не при донесување на акти и да се извести Советот до кое ниво ги има овластувањата самиот заменик.

Претседателот Саракинов по земен збор укажа дека законот е јасен Советот во моментот брои 26 советници, а на членот на Советот Неделчо Крстевски местото во советот му е во мирување поради обавување на функцијата заменик градоначалник.

Претседателот на Совет, ги извести присутните дека за дневниот ред ќе бидат предложени две дополнителни точки за кои веќе координаторите се известени.

**Предлог- Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

Збор зема Зорица Китанова од секторот за комунални работи и сообраќај со цел да ја образложи потребата за додавање точките на дневниот ред како за сумата така и за активностите за кои се донациите.

**Првиот предлог :**
**Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

**Вториот предлог:**
**Предлог -Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО.**

**Третиот предлог:**
**Предлог -Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ увоз-извоз**

**Збор зема членот на советот Татјана Чакулев со цел да предложи дополнителни точки во дневниот ред и даде образложение за истите.**

**1. Предлог-Одлука за давање согласност за изготвување на физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на Општина Карпош**

**2. Предлог - Одлука за давање на согласност за изработка на анализа за паркирање и паркинг капацитети на територија на Општина Карпош**

**3. Предлог- Одлука за давање согласност за спроведување на функционална анализа на вработените во Општина Карпош (од надворешна компанија)**

**4.Предлог – Одлука за давање на согласност за изработка на урбанистички планови во Општина Карпош од сопствено финансирање, согласно јавниот интерес, одржливиот развој и заштитата на квалитетот на живеење**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот премина кон гласање на предложените точки за нивно ставање во предложениот дневен ред за 13. седница на Општина Карпош

**Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, предложен како точка број 1 од дневниот ред.**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено додавање на Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје како точка бр.1 од дневниот ред.**

**Предлог -Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО како втора точка на дневниот ред.**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено додавање на Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО како 2 точка од дневниот ред.**

**Предлог -Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ увоз-извоз како трета точка на дневниот ред.**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено додавање на Предлог -Одлука за**

прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ увоз-извоз како како 3 точка од дневниот ред

Предлог-Одлука за давање согласност за изготвување на физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на Општина Карпош како 19 точка на дневниот ред.

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено додавање на Одлука за давање согласност за изготвување на физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на Општина Карпош како како 19 точка од дневниот ред

Предлог - Одлука за давање на согласност за изработка на анализа за паркирање и паркинг капацитети на територија на Општина Карпош

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 12 гласа ВОЗДРЖАНИ, не е усвоено додавање на Предлог - Одлука за давање на согласност за изработка на анализа за паркирање и паркинг капацитети на територија на Општина Карпош

Предлог- Одлука за давање согласност за спроведување на функционална анализа на вработените во Општина Карпош

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 12 гласа ВОЗДРЖАНИ, не е усвоено додавање на Предлог- Одлука за давање согласност за спроведување на функционална анализа на вработените во Општина Карпош

Предлог – Одлука за давање на согласност за изработка на урбанистички планови во Општина Карпош од сопствено финансирање, согласно јавниот интерес, одржливиот развој и заштитата на квалитетот на живеење

Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 7 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 18 гласа ВОЗДРЖАНИ, не е усвоено додавање на Предлог – Одлука за давање на согласност за изработка на урбанистички планови во Општина Карпош од сопствено финансирање, согласно јавниот интерес, одржливиот развој и заштитата на квалитетот на живеење

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот советничките прашања да се разгледуваат на крајот од седницата, по исцрпувањето на дневниот ред.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предлогот Советнички прашања да бидат на крајот од седницата, по исцрпувањето на дневниот ред.**

Претседателот на Совет го затвори претресот по дневниот ред и го стави изменетиот дневен ред на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен следниот:**

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 12. седница**

1. **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**
2. **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО**
3. **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ увоз-извоз**
4. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година;**
5. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**
6. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година;**
7. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година;**

8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година;
9. Предлог-Изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;
10. Предлог-Решение за формирање Комисија за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош и изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош;
11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје;
12. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет" Карпош-Скопје;
13. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост" Карпош-Скопје;
14. Предлог – Одлука за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2026 година;
15. Предлог-Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2026 година;
16. Предлог-Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија - на училишната репрезентација на Општина Карпош во одбојка (девојчиња) за освоено прво место на турнир во Општина Кисела Вода;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2026 година;
18. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Акционерско друштво ХАЛКБАНК АД Скопје за опремување на Ресурсен центар на Општина Карпош
19. Предлог-Одлука за давање согласност за изготвување на физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на Општина Карпош

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**Советнички прашања**

Пред да помине на разгледување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот отвори расправа по записникот од 12. Седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 12. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 12. седница на Советот на Општина Карпош.**

**ТОЧКА 1 Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

**ТОЧКА 2 Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО**

**ТОЧКА 3. Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ увоз-извоз**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска и посочи дека има не јасни работи околу самата постапка при распишување на јавниот повик, односно дали е предвидено климатизација и вентилација или не во самите фази кои се предвидуваат при реализација на самиот проект.

Од сектор комунални работи и сообраќај беше детално објаснето која е причината за отстранување на оваа ставка од самиот јавен повик, а тоа е бидејќи во поднесениот проект врз основа на кој требало да се добијат средства оваа фаза била предвидена професионално и чинела огромен број на средства со што би можело поднесениот проект да биде одбиен па затоа сега се предвидува со помали средства.

Членот на Советот Татјана Стојановска посочи дека се работи за поголема сума предвидена за ваква фаза и да не се оди со анекс на договор односно за истата да се распише јавен повик со цел да се добијат поволни понуди со кои Општината оптимално ќе ги користи средствата наменети за таа фаза од проектот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ увоз-извоз**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 20.05.2026 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој која посочи дека седницата била одржана на 20.05.2026 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

**ТОЧКА 4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година;**

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Добрила Андоновска во својство на претседател на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Добрила Андоновска во својство на претседател на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност која посочи дека седницата била одржана на 20.05.2026 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година;**

**ТОЧКА 5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот како Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални дејности и сообраќај да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 20.05.2026 година, извести за точките кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Членот на Советот Татјана Стојановска побара појаснување на точката од страна на службите.

Службите детално образложија по материјалите за точката, односно дека се прави пренамена на средства од една на друга ставка према потребите на реализација на програмата према приоритетни работи.

За збор се јави членот на советот Добрила Андоновска со свое позитивно видување кон промените кои се прават во програмата, а се со цел да се излезе во престрет на граѓаните на Општината.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година.**

**ТОЧКА 6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Предраг Станковски во

својство на претседател на Комисијата за спорт да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Предраг Станковски во својство на претседател на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 20.05.2026 година, извести за точките кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на советот Добрила Андоновска во однос поддршка на првенците на генерација истите да не бидат изоставени од приилегиите кои има ги овозможува Општина Карпош.

Претседателот Христо Саракинов соодветно одговори дека е разговарано со раководителите во кои програми се предвидени првенците на генерација и истите ќе се испочитуваат.

Членот на Советот Татјана Стојановска по земен збор даде објаснување во однос на неправилно распределување на средства во однос на приоритети за Општината и нагласи дека нема да ја поддржи точката.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека усвоена е Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година;**

**ТОЧКА 7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година;**

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош која посочи дека седницата била одржана на 20.05.2026 година, извести за точките кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на советот Добрила Андоновска со извештај за одржана комисија за еднократна помош но со загрижувачки податоци во однос на барателите на ваков вид помош, поради зголемување на бројот на баратели би било добро нагласи Андоновска ако е можно да се зголеми и сумата која се предвидува за ваков вид на помош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година;**

**ТОЧКА 8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година;**

**ТОЧКА 9. Предлог-Изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Раководителот на сектор финансии Мирјана Ѓорѓиевска детално образложи по потребата за носење на ребаланс и тоа во однос на приходната и расходната страна на буџетот на Општина Карпош.

За збор се јави член на Советот Славко Митровски и посочи аргумети со кој се докажува дека Општината во изминатиот период со само 16 % искористеност на

буџетот има слаба реализација на истиот и замоли во наредниот период да се поработи малку повеќе бидејќи реализацијата на буџетот значи реализација на проекти кои влијаат на секојдневното живеење и функционирање на жителите на Општината.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Изменувањето и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**

**ТОЧКА 10. Предлог-Решение за формирање Комисија за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош и изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања која посочи дека седницата била одржана на 19.05.2026 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоено е Решението за формирање Комисија за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош и изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

**ТОЧКА 11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје;**

**ТОЧКА 12. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоено е Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје;**

**ТОЧКА 13. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека**, е **усвоено Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје;**

**ТОЧКА 14. Предлог – Одлука за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По **спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2026 година;**

**ТОЧКА 15. Предлог-Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По **спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2026 година;**

**ТОЧКА 16. Предлог-Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија - на училишната репрезентација на Општина Карпош во одбојка (девојчиња) за освоено прво место на турнир во Општина Кисела Вода;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија - на училишната репрезентација на Општина Карпош во одбојка (девојчиња) за освоено прво место на турнир во Општина Кисела Вода;**

**ТОЧКА 17. Предлог-Одлука за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2026 година;**

**ТОЧКА 18. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Акционерско друштво ХАЛКБАНК АД Скопје за опремување на Ресурсен центар на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Акционерско друштво ХАЛКБАНК АД Скопје за опремување на Ресурсен центар на Општина Карпош**

**ТОЧКА 19. Предлог-Одлука за давање согласност за изготвување на физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за давање согласност за изготвување на физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода на подрачјето на Општина Карпош**

**Советнички прашања**

Членот на советот Татјана Стојановска ги постави следните советнички прашања:

**1.Иницијатива за поставување легнати полицајци на делот од улица Букурешка кој ги врзува Прашка и Варшавска, покрај основното училиште "Ј.А.Коменски"?**

**2.Иницијатива за обновување на искршените клупи во паркот на М.Т.Гологанов, покрај фонтаната?**

**3.Барање да се испочитува колективниот договор на вработените во Општина Карпош во кој стои дека истиот ќе биде објавен на огласна табла во општината, на електронските медиуми на општината и испечатен и доставен до вработените. Не стои рок, но над еден месец е договорот во сила и треба да се почитуваат СИТЕ одредби во него?**

**4.Информација од Град Скопје до каде е изработката на големиот Мега парк покрај реката Вардар, како ќе изгледа и кога се планира да се заврши истиот.**

Членот на советот Добрила Андоновска ги постави следните советнички прашања :

**1. Дали децата од сите основни училишта во Карпош оваа година ќе реализира бесплатна еднодневна екскурзија/излет или оваа година ќе останат без таа бесплатна еднодневна екскурзија, која се реализира со години наназад и е предвидена во Програмата за образование?**

**2. Дали со Тендерот за урбана опрема ќе се обнови/повторно ќе се опреми со нови реквизити и пушти во функција детското игралиште во Козле во близина на просториите на УЗ КЈП, каде е зацртано по актуелниот ДУП, од причина што ова е побарано уште при планирањето на Буџет за 2026 година?**

По исцрпување на точките од дневниот ред и поставените советнички прашања, Претседателот на Советот ја затвори 13. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 11.00 часот.

Изработил: Томче Панчевски
Проверил: Виолета Андреевска

**Број: 09-5345/3**
**Датум: 11.06.2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов**